# КОДЕКС НА КОМУНИКАЦИЈА ПРИ УЧЕЊЕ НА ДАЛЕЧИНА

Комуникацијата помеѓу наставниците и соработниците со студентите се одвива врз основа на принципите на меѓусебно почитување, почитување на академската слободи, права и обврски, почитување на принципот на колегијалност и рамноправност.

Целта на комуникацијата при учењето на далечина помеѓу наставниците и соработниците со студентите е постигнување успех во учењето и студирањето на студентите, квалитетно поучување од страна на наставниците и соработниците, успешна реализација на предметната програма и развој на предвидените компетенции со студиската програма. Една од целите на Кодексот на комуникација е и почитување на работното/слободното време на секој од субјектите вклучени во процесот.

Комуникацијата при учењето на далечина помеѓу наставниците и соработниците нема за цел да ја замени физичката и социјалната комуникација помеѓу субјектите во процесот, туку претставува нејзино дополнување во вонредни услови на учење, студирање и работа.

Кодексот на комуникацијата при учење на далечина подразбира дефинирање на договорено, јавно објавено, разумно и соодветно време и начин на комуникација помеѓу наставниците и соработниците со студентите за почитување на приватноста на секој од нив, почитување на личните и професионалните карактеристики на секој од нив, но и почитување на спецификите на времето и условите во кои се комуницира.

Секоја единица треба, покрај редовните термини за консултации, кои се одвиваат во просториите на единицата, и за што мора да бидат запазени и пропишаните протоколи за работа во затворен простор, да определи неделно време на Online комуникација на наставниците и соработниците со студентите вон распоредот за часови, времетраење на неделната комуникација помеѓу истите, период на давање повратна информација од и за студентите и сл.

Согласно овој кодекс на комуникација, единиците треба да го определат бројот на контакти на далечина помеѓу наставниците и соработниците со студентите, времетраењето на комуникацијата и сл.

Кодексот на комуникација се однесува на сите канали за комуникација помеѓу наставниците и соработниците со студентите (комуникација по електронска пошта, по телефон, по пошта, на социјалните мрежи, на платформите за учење и сл.)